ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ
СКОПЈЕ
Примено: 15-07-2021
Орг.Един: 03 Број: 185901 Прилог: Вредност:

Стефанија К.

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 200__ година
Потпис ______

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Зоран Петрески**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Основен Граѓански суд Скопје и**
**Основен Кривичен суд Скопје**
**ул.Св.Климент Охридски бр.21 А/2**
**тел. 02 3 207-207**

**Образец бр.66**

**И.бр. 1095/2019**

Извршителот Зоран Петрески од Скопје, ул.Св.Климент Охридски бр.21 А/2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Халк банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030993162028 и седиште на Ул.Св.Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа ОДУ бр.777/15 од 26.10.2015 год. на Нотар Фатмир Ајрули, ОДУ бр.236/15 од 06.04.2016 год. на Нотар Фатмир Ајрули, ОДУ бр.291/17 од 06.04.2017 год. на Нотар Фатмир Ајрули и ОДУ бр.961/17 од 28.11.2017 год. на Нотар Фатмир Ајрули, против заложниот должник [redacted] од Скопје со ЕМБГ [redacted] живеалиште на ул.Лазар Трпковски бр. 88 Чаир, за спроведување на извршување на ден 14.07.2021 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

- КП 1616, дел 1, адреса Лазар Трповски бр.88, бр.на зграда 2, намена на зграда А2, влез 3, кат 2, број 8, намена на зграда СТ, внатрешна површина од 75 м2, сопственост
- КП 1616, дел 1, адреса Лазар Трповски бр.88, бр.на зграда 2, намена на зграда А2, влез 3, кат 2, број 8, намена на зграда ПП, внатрешна површина од 5 м2, сопственост

запишана во имотен лист бр.94923 за КО Чаир при АКН на СМ – ЦКН, сопственост на заложниот должни[redacted].

Продажбата ќе се одржи на ден 04.08.2021 година во 12:45 часот во просториите на Извршител Зоран Петрески на бул.Свети Климент Охридски бр.21а/2, Скопје.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Зоран Петрески, изнесува **2.868.808,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Заложно право-хипотека врз недвижен имот засновано во корист на заложен доверител Халк банка АД Скопје врз основа на нотарски акт ОДУ бр.777/15 на Нотар Фатмир Ајрули, Анекс 1 кон ОДУ бр.777/15 и тоа ОДУ бр.236/16 на Нотар Фатмир Ајрули и Анекс 2 кон ОДУ бр.777/15 и тоа ОДУ бр.291/17 на Нотар Фатмир Ајрули и Анекс 3 кон ОДУ бр.777/15 и тоа ОДУ бр.961/17 на Нотар Фатмир Ајрули, Налог за извршување врз недвижност И.бр.2663/18 на Извршител Весна Деловска за доверител Шпаркасе банка АД Скопје, Налог за извршување врз недвижност И.бр.1095/19 на Извршител Зоран Петрески за заложен доверител Халк банка АД Скопје и Налог за извршување кај пристапување кон извршување И.бр.705/19 на Извршител Методија Костадинов. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200002491876448 која се води во стопанска банка АД Скопје и тоа најдоцна 1 (еден) ден пред одржување на продажбата.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Зоран Петрески

Д.-на: доверител
должник
Град Скопје - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

Република Македонија Скопје Извршител Зоран Петрески

7/14/2021

X

Signed by: Zoran Petreski

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основен Граѓански суд Скопје согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.